**20260360599**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 260 став (1) од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 февруари 2026 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ПЛАТЕНИ КАКО ЦАРИНСКИ ДАВАЧКИ, ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ И АКЦИЗА ЗА НАБАВКА НА ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛ ЗА ЛИЦА СО ТЕШКА, ПОТЕШКА И НАЈТЕШКА ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ, ЛИЦА СО УМЕРЕНА, ТЕШКА И ДЛАБОКА ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ, ЗА ПОТПОЛНО СЛЕПИ ЛИЦА СО ПРИДРУЖНИК И ЗА ПОТПОЛНО ГЛУВИ ЛИЦА ЗА 2026 ГОДИНА

Со оваа програма се уредуваат мерките, носителите, начинот на спроведување, потребната документација и обезбедените средства за рефундирање на средства за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2026 година.

## I. Корисници

Корисници на оваа програма се следните лица:
- лице со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост,
- лице со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост,
- потполно слепо лице со придружник и
- потполно глуво лице.

## II. Мерки

Рефундирањето на средствата платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил се врши во рамките на обезбедените средства со оваа програма.

Со оваа програма се предвидува рефундирање на средства уплатени по царинска декларација, односно данок на додадена вредност по фактура при набавка патнички автомобил во износ не поголем од 180.000,00 денари по одобрено барање.

## III. Носители

Оваа програма ја спроведуваат Министерството за социјална политика, демографија и млади и центрите за социјална работа.

## IV.Начин на спроведување

Барањето за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил се поднесува од страна на лицето од дел I. од оваа програма, негов родител или старател, во тековната година по објавен јавен повик.

Јавниот повик ќе биде отворен до денот на исцрпување на средствата, но најдоцна до 30 септември 2026 година.

Барањето со потребната документација се поднесува преку надлежниот центар за социјална работа до Комисијата за рефундирање на средства за набавка на патнички автомобил со потребната документација.

Од страна на Комисијата за вршење на увид во домот на подносителот на барањето, се врши увид, најдоцна 15 дена од доставување на барањето.

Од страна на Комисијата за вршење на увид во домот на подносителот на барањето, записникот за извршен увид и барањето со приложената документација се доставува до Комисијата за рефундирање на средства за набавка на патнички автомобил, најдоцна десет дена од извршениот увид.

Комисијата за рефундирање на средства за набавка на патнички автомобил барањата ќе ги разгледува по редослед на поднесување, односно по датум и време на поднесувањето во надлежниот центар за социјална работа.

Од страна на Комисијата за рефундирање на средства за набавка на патнички автомобил, тековно се разгледуваат доставените барања за рефундирање на средства со приложената документација и се изготвува предлог до министерот за социјална политика, демографија и млади за исполнетоста на условите за рефундирање на средства и донесување на решение по барањата.

## V.Потребна документација

Кон барањето се поднесува следната документација:

- Наод, оцена и мислење од надлежна комисија за утврдена тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, за утврдена умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепило и потполна глувост (или копија од документот заверена на нотар),

-Царинска декларација (примерок од електронска царинска декларација и пријава на данок на моторни возила) не постари од 24 месеци од денот на подмирување на обврските при увоз на патнички автомобил, издадени од царински орган (или копија од документот заверена на нотар) или

- Фактура за набавка на возило во државата,

-Доказ за платен данок на додадена вредност при набавка на патничкиот автомобил,

- Доказ дека во возилото е вградена дополнителна опрема, како што се автоматски или полуавтоматски менувач, рачни команди кои ги заменуваат ножните команди, хидраулична дигалка за инвалидска количка или пристапна рампа за влез во возилото за што се доставува и доказ од овластена компанија која ја вградила таквата специјализирана опрема (или копија од документот заверена на нотар), доколку возилото е со купопродажна вредност над 10.000 евра во денарска противвредност, но не повеќе од 20.000 евра во денарска противвредност и доказ дека лицето од дел I. од оваа програма поседува валидна возачка дозвола со што се докажуваа дека самостојно ќе го управува возилото,

- Копија од сообраќајна дозвола,

- Копија од трансакциска сметка.

VI. Обезбедени средства

Средствата за реализација на оваа програма се предвидени и обезбедени во Буџетот на Министерство за социјална политика, демографија и млади за 2026 година во износ од 8.400.000,00 денари, на Раздел 15001, потпрограма 50, ставка 464.

VII. Влегување во сила

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-1469/5
17 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.